**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

***НЕДЕЛЕН ПАЗАРЕН ПРЕГЛЕД 15 – 19 февруари 2021 година***

- **На меѓународните финансиски пазари преовладуваа очекувањата за повисок економски раст и инфлација**
- **Записници од состаноци на централни банки: ЕЦБ и ФЕД**
- **Нов Зеланд: Зголемување на кредитниот рејтинг од страна на „Стандард и Пурс“**

**Пазарните учесници со големо внимание ги следеа информациите за вакцините против корона-вирусот.** Податоците од Обединетото Кралство и Израел покажуваат дека вакцините делуваат во согласност со очекувањата, а Русија ја одобри третата вакцина за употреба во земјата. Дневниот раст на бројот на новозаразени лица од корона-вирусот и натаму забавува (особено во САД и Европа), при што вкупниот број заразени лица во светски рамки го надмина нивото од 111 милиони, а бројот на починати лица изнесуваше 2.478.387. Во Германија беше објавено дека учеството на заразените лица во земјата од британската варијанта на корона-вирусот во вкупниот број заразени е над 22%, наспроти учеството од 6% пред две недели. Во Нов Зеланд беше прогласено тридневно затворање на најголемиот град, Окланд, по појавата на заразени од корона-вирус, првпат од крајот на јануари.

**Објавените економски показатели беа во различна насока.** Според првичниот податок, кварталниот пад на БДП во *еврозоната* во четвртото тримесечје од 2020 година изнесуваше 0,6%, што претставува умерено подобро остварување од очекуваниот пад од 0,7%. Композитниот индекс ПМИ во февруари се зголеми од 47,8 на 48,1 поен, што во услови на пад на услужниот подиндекс, беше резултат на повисокиот производен индекс. Показателот ЗЕВ во Германија во истиот месец беше значително повисок (71,2 поена) од очекувањата на пазарните аналитичари (59,6 поени).

Во записникот од состанокот на ЕЦБ, беше наведено дека постои неизвесност за инфлациските изгледи, како и дека и покрај зголемувањето на номиналните приноси на државните обврзници, финансиските услови и понатаму се поволни.

Во Италија, Сенатот ѝ изгласа доверба на Владата на чело со премиерот Драги со 262 гласа „за“ и 40 „против“, од вкупно 304 членови со право на глас.

Во *Обединетото Кралство*, стапката на инфлација во јануари изнесуваше 0,7% и беше над очекувањата од 0,6%. Показателот за доверба на потрошувачите за февруари се искачи од -28 на -23 поени. Производниот индекс ПМИ забележа раст од 54,1 на 54,9 поени, а услужниот индекс ПМИ од 39,5 на 49,7 поени. Од друга страна, трговијата на мало во јануари се намали за 8,2% (позначително од очекуваниот пад од 3%), под влијание на затворањето на продавниците.

Во *САД*, трговијата на мало во јануари забележа раст од 5,3%, надминувајќи ги прогнозите (1,1%), како резултат на личната потрошувачка којашто беше поддржана од исплатите врз основа на стимулативните мерки и намалувањето на ограничувањата за спречување на корона-вирусот во повеќето региони. Растот на цените на производителите на индустриски производи забрза од 0,8% на 1,7% на годишна основа. Во истиот месец, индустриското производство се зголеми за 0,9%, над очекувањата за раст од 0,4%. Производниот индекс Филаделфија ФЕД за февруари беше исто така повисок (23,1 поен) од очекувањата на пазарите (од 20 поени). Од друга страна, барањата за социјална помош во втората недела од февруари се зголемија за 13.000 на нивото од 861.000. На пазарот на недвижности, бројот на започнати градби во јануари се намали првпат во период од пет месеци, додека издадените одобренија за градба забележаа пораст.

Според записникот од состанокот на ФЕД, одржан на 26 и 27 јануари, членовите на ФОМЦ очекуваат подобрување на економските показатели на среден рок во споредба со декемврискиот состанок, најмногу заради ефективната програма за вакцинирање и зголемената фискална поддршка. И покрај оптимистичките согледувања, во записникот беше наведено дека се очекува задржување на тековниот обем на програмата за квантитативно олеснување сè додека не се согледа значителен натамошен напредок во остварувањето на двојниот мандат на ФЕД (ценовна стабилност и полна вработеност).

Во последниот квартал од 2020 година, економијата на *Јапонија* забележа раст од 12,7% на квартална ануализирана основа, над пазарните очекувања од 9,5%, во услови на закрепнување на странската побарувачка, којашто ги поттикна извозот и инвестициите. Ваквите остварувања беа послаби од растот од 22,7% во третото тримесечје. Во целата 2020 година, БДП се намали за 4,8%, што претставува прв годишен пад од 2009 година. Стапката на инфлација во јануари беше над очекувањата (од -0,7%) и изнесуваше -0,6%.

**Агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и Пурс“ го зголеми рејтингот на Нов Зеланд** од „АА“ на нивото од „АА+“, како резултат на очекувањата на Агенцијата дека економијата закрепнува побрзо од најразвиените економии, бидејќи беше во можност да го спречи ширењето на ковид-19 подобро од повеќето земји.

## *НЕДЕЛЕН ПАЗАРЕН ПРЕГЛЕД 15 – 19 февруари 2021 година*

### Позначајни пазарни движења

На меѓународните финансиски пазари преовладуваа очекувањата на инвеститорите за повисок економски раст и инфлација. Приносите на државните обврзници во САД забележаа пораст на средниот и долгиот сегмент на кривата[1], под влијание на засилените очекувања за обемен фискален стимул и на согледувањата за напредок во програмата за вакцинирање низ земјата, што би ја поттикнале личната потрошувачка и генерално економскиот раст, така што и инфлациските очекувања се зголемија. Ваквите очекувања за надминување на ефектите од пандемијата доведоа до повисоки приноси и на државните обврзници во еврозоната[2]. Знаците за економско закрепнување и повисоките приноси на државните обврзници придонесоа за намалување на цената на златото како безбеден инструмент. Сепак, цените на акциите во светски рамки се намалија[3], под влијание на согледувањата дека повисоката инфлација ќе доведе до напуштање на стимулативните политики од страна на централните банки. Валутниот пар евро/САД-долар беше речиси непроменет, односно изгледите за побрзо закрепнување на економијата во САД од претходно очекуваното доведоа до зајакнување на САД-доларот, а потоа поволните економски показатели за еврозоната делуваа во спротивната насока. Цената на нафтата забележа пад на неделна основа, при што растот на цената[4] предизвикан од нарушеното производство во Тексас (најголемиот производител на нафта во САД) поради снежната бура беше во целост надоместен од намалувањето на цената на овој енергент како одраз на подготовките за рестартирање на производството на енергетските компании во Тексас, како и очекувањата за зголемување на понудата на нафта од страна на ОПЕК+. На пазарот на криптовалути, продолжи растот на цената на биткоинот, така што достигна ново историски највисоко ниво, наспроти ставовите на пазарните аналитичари дека биткоинот не нуди заштита од пад на цените на акциите.

### Селектирани пазарни показатели



















[1] Приносите на 10-годишните државни обврзници во САД се искачија на највисокото ниво во период од една година.
[2] Приносите на 10-годишните германски државни обврзници беа највисоки од јуни наваму.
[3] Падот на цените на акциите во САД се должеше и на пониските цени на акциите на технолошките компании.
[4] Цената на нафтата привремено се искачи на највисокото ниво во период од 13 месеци.

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

***НЕДЕЛЕН ПАЗАРЕН ПРЕГЛЕД 15 – 19 февруари 2021 година***




| | 12.02. | 19.02. | неделна промена |
|---|---|---|---|
| DAX индекс | 14.050 | 13.993 | -0.4% |
| S&P индекс | 3.935 | 3.907 | -0.7% |
| Euribor 3m (%) | -0.547 | -0.543 | 0.4 |
| USD Libor 3m (%) | 0.1938 | 0.1753 | -1.9 |
| Bund 10y (%) | -0.43 | -0.31 | 12.3 |
| UST 10y (%) | 1.21 | 1.34 | 12.8 |
| EUR/USD | 1.2120 | 1.2119 | 0.0% |
| Злато ($/Oz) | 1.818 | 1.774 | -2.4% |
| Нафта (Brent, $/barrel) | 62.9 | 62.1 | -1.2% |

**Приноси во еврозоната**

| | EUR 6M | EUR 2Y | EUR 5Y | EUR 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | -0.70 | -0.70 | -0.74 | -0.57 |
| 12.02.2021 | -0.63 | -0.71 | -0.68 | -0.43 |
| 19.02.2021 | -0.61 | -0.68 | -0.61 | -0.31 |
| **неделна промена (б.п.)** | **2.4** | **2.7** | **7.4** | **12.3** |
| **збирна промена од почетокот на годината (б.п.)** | **9.6** | **1.9** | **13.0** | **26.4** |

**Приноси во САД**

| | USD 6M | USD 2Y | USD 5Y | USD 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | 0.08 | 0.12 | 0.36 | 0.91 |
| 12.02.2021 | 0.05 | 0.11 | 0.49 | 1.21 |
| 19.02.2021 | 0.03 | 0.10 | 0.58 | 1.34 |
| **неделна промена (б.п.)** | **-2.0** | **-0.4** | **8.4** | **12.8** |
| **збирна промена од почетокот на годината (б.п.)** | **-5.1** | **-1.6** | **21.5** | **42.3** |